




# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# „ПРЕКУ ПЕСНА ДО ДРУГАРСТВО“-ПРОЕКТ ВО „АВРАМ ПИСЕВСКИ“

Со богата едукативна, но и забавна програма, основците од прво до деветто одделение од ООУ „Аврам Писевски“, им посакаа добредојде на своите другарчиња од државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“. Во пригодна атмосфера, преку музички настапи и драмски претстави, се презентираше проектот „Преку песна до Целта на проектот е преку образовен, но и релаксиран начин децата да се зближат и на тој начин да го зацврстат своето постоечко другарство како и да отворат врати за ново дружење. Марина Милевска, директорката на училиштето, се заблагодари на сите деца учесници во овој проект и посочи дека другарството е едно од најважните сегменти во развојот на едно дете.





## ЕКОЛОШКА АКТИВНОСТ ВО ГРАДИНКАТА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“



Со доаѓањето на пролетта, се разеленуваат и дворните површини ширум Општината. На овој убав датум и почеток на пролетта, се сетија најмалите дечиња од градинката „Орце Никилов“ и реализираа еколошка активност на тема „еден цвет-за поубав свет“. При разубавувањето на дворот во градинката, се приклучија и родителите на децата како и нивните наставнички и самите дечиња. Со детска песна и игра, се насадија цвеќиња и дрвца и на тој начин, најмалите и посакаа добредојде на овој „шарен период“ од годината.



# ОПШТИНА КАРПОШ-ДЕЛ ОД ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОРУМ НА УСАИД И ХАБИТАТ

Општина Карпош како лидер во енергетската ефикасност за секторот „домување“ беше дел од инвестициски форум за енергетска ефикасност, организиран од меѓународната организација УСАИД и невладината организација „Хабитат Македонија“. На форумот, кој се одржа во рамките на проектот „Енергетско ефикасни домови“, беа присутни повеќе од 50 учесници од приватниот и од јавниот сектор, меѓу кои и градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски. На форумот главна тема на дискусија беа потребите и потенцијалите за инвестирање во енергетската ефикасност во секторот „домување“ во Македонија. Извршниот директор на „Хабитат Македонија“, Зоран Костов истакна дека активностите вклучуваат соработка со сите чинители со цел да се влијае на креирање на Национална стратегија за енергетска ефикасност. -На тој начин обезбедуваме мотивација кај сопствениците на домовите да преземат активности и да ја подобрат енергетската ефикасност во своите живеалишта. Инвестирањето во енергетска ефикасност во домувањето е важно не само заради тоа што ја намалува загаденоста и штеди средства и ресурси, туку и затоа што во тек на процесот на унапредување на енергетската ефикасност можеме да создадеме работни места и да понудиме вистински услови за развој на бизнисот. На говорот се надоврза и директорот на мисијата УСАИД во Македонија, Џејмс Стејн кој посочи: -Се надеваме дека ќе го поттикнеме инвестирањето, претприемништвото и создавањето на работни места во секторот за енергетска ефикасност и дека ќе ги мотивираме сите засегнати страни да се инволвираат во унапредување на резиденцијалната енергетска ефикасност. На инвестицискиот форум за енергетска ефикасност присуствуваше и заменик министерот за локална самоуправа, Љупчо Пренџов кој го презентираше ставот на Министерството за локална самоуправа во насока на унапредување на сферата на енергетската ефикасност во секторот „домување“. -Енергетската ефикасност одамна веќе не е само “топ“ тема во научниот и бизнис свет кај нас и воопшто во светот. Таа веќе е сериозен предизвик на иднината во неколку витални сегменти : заштеда и зачувување на природните ресурси, како и супституција на постојните кои се во голема мера исрпени, а тоа и се сѐ посакпи и понедостижни. Во Македонија општините го делат заедничкиот интерес со сите заинтересирани страни, од меѓународните агенции, преку граѓанските организации и деловните сектори, сѐ до сопствениците на становите.



Тој се однесува пред се на тоа сите заедно да обезбедат поддршка во подобрувањето на квалитетот на енергетската ефикасност во колективното домување. Сега веќе слободно можеме да кажеме дека веќе подолго време кај нас во Македонија се работи на подобрување на енергетската ефикасност на колективните станбени објекти, како и на зголемување на капцитетите на станарите и заедниците на сопствениците за унапредување и одржување на станбени објекти. Дури повеќе, чест ми е да кажам дека јас на оваа функција доаѓам токму од една таква Општина, општина Карпош која буквално беше пионер во востанувањето на ваква практика. По нејзиниот пример подоцна појдоа и другите општини низ земјата, но и државните институции во сферата на заокружување на потребната легислатива – рече Пренцов. Раководителот на енергетска ефикасност при општина Карпош, Љупчо Димов, во својата презентација, истакна колку е важно инвестирањето во енергетската ефикасност на станбените згради во Општината. -Резиденцијалниот сектор, односно постојниот станбен фонд во Република Македонија, има најголем потенцијал за заштеда на енергијата.

Проценетите потребни инвестиции во мерки за енергетска ефикасност кои значат термоизолација на фасади, покриви, замена на прозорци и врати и слично, за овие објекти до 2020 година се 279,56 милиони евра. За да може да се остварат предвидувањата за инвестирање во станбениот сектор, сеуште недостасуваат конкретно дефинирани услови за финансирање на проекти за енергетска ефикасност на национално и локално ниво. Според искуството кое Општина Карпош го имаше на средби со граѓаните во урабните заедници во 2007 и 2008 година, беше истакнат проблемот со фасадите на колективните згради од три аспекта: Растот на трошоците на енергијата, дотраените фасади кои се физичка закана за безбедноста на граѓаните, и лошиот физички изглед на овие објекти што го нарушува критериумот за уредена урбана средина. На тој начин, истакна Димов, заедно во соработка со „Хабитат Македонија“ и граѓаните, Општина Карпош ги реализираше првите шест проекти на колективни станбени згради, а вкупното учество во шесте згради изнесува 1,5 милиони евра. Во тек е енергетско ефикасна реконстукција на уште пет други станбени објекти на територија на Општината.– рече Љупчо Димов. Проектот на УСАИД за енергетска ефикасност за секторот „домување“ е тригодишна иницијатива која е наменета за унапредување во станбените згради во кои живеат семејства со ниски примања. Проектот се имплементира од страна на „Хабитат Македонија“ на начин на кој им помага на семејствата да ја намалат поторшувачката на енергија со што ќе ја намалат и висината на сметките. Во рамките на проектот, успешно се реализирани енергетско ефикасни реновирања на 32 станбени објекти во седум општини на ниво на главниот град, поддржувајќи повеќе од 600 домаќинства.



# СРЕДБА НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА РЕВИЗОРИ СО ОПШТИНА КАРПОШ



По повод посетата на Европскиот суд на ревизори, кој спроведува ревизиска мисија во Република Македонија, делегација од Европската Унија оствари работна средба со одговорните лица од Општината задолжено за реализација на ИПА програмата од 2008 година. Претставници од локалната самоуправа, Гордана Максимовска, овластен инспектор за животна средина во заемна соработка со Јован Цветаноски, вработен во Секторот за животна средина при општина Карпош, разговараа на проекти во насока на испитување на улогата на претпристапната помош во зајакнување на административните капацитети, како и мониторинг станицата која беше поставена на територија на општина Карпош. На состанокот се презентираа досегашните резултати од користењето на податоците од мерната станица за квалитетот на воздухот и целите кои беа достигнати како дел од проектот за набавка од ИПА 2008 година. Во овој период, ревизорите остваруваат средби со повеќе интитуции меѓу кои и општина Карпош. Тие остварија работни состаноци и за повеќе проектни активности меѓу кои е и твининг проектот за воздух „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за управување со животната средина во областа на квалитетот на воздухот“, кој беше дел од ИПА програмата и кој се имплементираше во период од септември 2010 до октомври 2012 година. По средбата, претставниците од општина Карпош заедно со делегацијата на ЕУ во Скопје, беа да ја посетат мониторинг станицата која се наоѓа во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“.

# ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ ГО ПРОСЛАВИ СВОЈОТ 51-ВИ РОДЕНДЕН



На пригоден начин, денеска училиштето од општина Карпош, кое го носи името на основоположникот на педагошките идеи во светот Јан Амос Коменски, го прослави својот 51-ви роденден. Патрониот празник на ова училиште денес заеднички го чествуваа учениците со своите наставници, со кои неуморно, преку целата година, работеа и постигнуваа резултати во спортот, уметноста, образованието. Во присуство на градоначалникот Стевчо Јакимовски, заменик амбасадорот на Чешката Амбасада во Скопје, наставнички кадар од збратимените училишта и голем број родители, директорката на ООУ „Јан Амос Коменски“, Емилија Арсовска се заблагодари на присутните и на учениците инволвирани во проектот по повод патронатот на училиштето.



- Оваа година во училишните клупи седна 51-та генерација првачиња. За сето ова време училиштето се развива, расте и постигнува видливи успеси. Не е случајно што нашето училиште го носи ова име на Јан Амос Коменски кој е „автор“ на учебната година, распоредот на часови, го измислил летниот и зимскиот распуст и на чии темели почива образовниот систем, рече Арсовска. На празникот на училиштето, се обрати и заменик амбасадорот на Чешка, Јозеф Брош, на течен македонски јазик. - Чест ми е што денеска сум со вас и што сум дел од овој голем настан. Сигурен сум дека сите ги знаете делата на Коменски. Задоволство ми е што на оваа свеченост, амбасадата на Чешка, во просториите на ова училиште ја презентира изложбата „Замоци на Република Чешка“ и споменици на УНЕСКО во Република Чешка.



Се надеваме дека ќе успееме уште повеќе да ви ја доближиме Република Чешка и нејзиното културно наследство, историско богатство и природните убавини. Училиштето е изградено далечната 1963 година како подарок од Република Чехословачка. По говорот, директорката Емилија Арсовска му врачи признание на чешкиот дипломат за нивното огромно залагање и воопшто за соработката со ова училиште. Градоначалникот Јакимовски ги поздрави присутните гости и им го честиташе овој голем ден за училиштето, од кое се излезени голем број видни граѓани на Република Македонија. Тој исто така доби признание за досегашната поддршка на локалната власт на ова општинско училиште. По повод патрониот празник на ООУ „Ј.А. Коменски", под мотото „Секој работи вешто за да добие нешто", беа поделени признания за најдобрите ученици од прво до деветто одделение во ритмички игри, пеење, интерактивно учење, екологија, ликовна уметност, уредување катчиња и многу други области.

## ЗАПОЧНА ШАХОВСКИОТ ТУРНИР „ОПЕН КАРПОШ - 2015"



Во присуство на врвни шахисти, гости од целиот свет, денеска и официјално започна традиционалниот шаховски спектакл „ Опен Карпош 2015“. На петтиот по ред, грандиозен шаховски турнир, ќе се натпреваруваат околу 250 велемајстори, интернационални и ФИДЕ мајстори од 25 земји од светот. Меѓународниот турнир во шах е во организација на локалната самоуправа и шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ„, а по повод свеченото отворање градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски се обрати пред присутните:

- Голем поздрав од општина Карпош до сите учесници на турнирот. Квалитетот на турнирот продолжува да расте, а ние како организатор ќе продолжиме во насока на негова се поголема афирмација.



Со некој од вас се гледаме веќе по петти пат, но мило ми е што денеска за прв пат се гледам со некои учесници од многубројните шаховски федерации и се надевам дека така ќе биде и во наредните години кога ќе го организираме овој настан. Мило ми е што за овој шаховски турнир има интерес не само во Република Македонија туку секаде во Европа и во светот – рече Јакимовски, пришто посебно го поздрави гостинот од Бразил кој дојде дури од Латинска Америка за да учествува на овој значаен турнир. На турнирот се обрати и претседателот на Македонската шаховска федерација, Благоја Богоевски, кој се заблагодари за учеството на голем број мајстори на мисловната игра, при што искажа огромна благодарност за организацијата на овој настан од страна на една од најспортските општини на територија на главниот град. Натпреварувањата започнаа вечерва, а ќе траат се до 3 април.

Шаховските вештини и знаења, шахистите ќе ги прикажат во девет кола секој ден од 9.30 часот па се до 17.30 часот. Љубителите на древниот спорт, ќе имаат можност да го следат на www.chess-results.com, а делот од Live games ќе се следи на www.gambit.com.mk. Наградниот фонд за шаховскиот турнир изнесува 16.000 евра, а за најдобриот шахист за оваа година се обезбедени 2.500 евра.

## КАРПОШ И ЦРВЕН КРСТ ГО ПОДДРЖАА „60+“



Вечерва(28.3.2015), во период од 20.30 часот до 21.30 часот, по прв пат, Општина Карпош заедно со младите волонтери од општинската организација на Црвен Крст „Карпош“ се вклучи во акцијата „Часот на планетата земја“. Оваа акција во Македонија е дел од акцијата организирана од Светскиот фонд за природа (WWF) која има еколошки карактер. За таа цел во траење од еден час во Општина Карпош беа исклучени три поголеми плоштади заедно со неколку околни сервисни улици: Плоштадот во Карпош 3, на кој има 15 светилки, заедно со околните улички беа исклучени вкупно 50 светилки, Плоштад – Плато кај Млечен ресторан со 80 светилки, или, заедно со околните улици, вкупно 120 светилки и Плоштадот во Влае „Делфина“ на кој беа исклучени вкупно 57 светилки.



-Во соработка со Општина Карпош вечерва заедно се приклучивме во организаціа на акцијата со наши 30-тина волонтери од Црвениот Крст при општинската организација на Карпош. Ние поставивме свеќи во форма на официјалното лого на светската кампања „60+" кои ги поставивме на плоштадот „Делфина". Сето тоа е со заедничка цел: да ја заштитиме планетата земја од климатските промени - рече Марија Стојкова волонтер во Црвениот Крст „Карпош". Најголемиот бенефит од ова вечерашно исклучување во рок од еден час го има најмногу планетата земја со едочасовната заштеда на електричната енергија, односно со желба преку поголема енергеската ефикасност да го достигне својот максимум во рационализација на трошењето енергија. Во акцијата се вклучија и дуќанџиите на платото кај Млечен ресторан кои ги исклучија своите реклами.



-За овој еден час, планетата земја заштеди милиони киловати електрична енергија. Во таа заштеда свој придонес имаме и ние како локална власт. Заштедата од 30kW ја добивме од исклучувањето на светилките на сите три плоштади каде веќе имаме поставено штедливи светилки. Со тоа, и ние како општина заштедивме двојно повеќе изјави Дејан Јонузоски од Одделението за енергетска ефикасност. Општина Карпош е голем поборник кога станува збор за енергетската ефикасност, меѓудругото, и преку инсталирањето на штедливите светилки на места во општината каде за тоа има можност. На голем дел од улиците светилките се сменети од 125W на 70W. Во таа насока продолжуваме и натаму, односно и нив да ги заменуваме со новата генерација од 50W. Тоа значи дека со замена на светилките со јачина од 125 W на 50W имаме целосна заштеда кај осветлувањето на целата територија на Општина Карпош - изјави Јонузоски.

